Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Комисија за заштита на конкуренцијата
Komisioni për Mbrojtjen e Konkurrencës
Комисија за одлучување по прекршок
Komisioni për Vendimmarrje për Kundërvajtje
Скопје-Shkup
Примено: 5-03.2026
13-38/2

УПРК.бр.16/2025

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите Виолета Богојеска – претседател на совет, Елмедине Асани и Имсале Хасани – членови на советот, со записничар Снежана Стаменовска Христова – судски советник, решавајќи по тужбата на тужителите Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Скопје и Арбнор Гаши од Косово како одговорно лице во правното лице, поднесена преку полномошник Хекуран Зеќири адвокат од Тетово, против Решението на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата ПП.бр.13-49/25 од 09.06.2025 година, за прекршок од заштита на конкуренцијата, вредност на спорот 944.025,00 денари, по одржаната јавна расправа на ден 20.01.2026 година, во присуство на полномошникот на тужителот, и овластени претставници на тужениот орган Вељковиќ Михаела, Надица Четорошка и Малинка Силјановска-Николиќ, сите од Скопје, на ден 27.01.2026 година, согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови, ја донесе и објави следната:

I
П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителите Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Скопје и Арбнор Гаши од Косово како одговорно лице во правното лице, поднесена против Решението на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата ПП.бр.13-49/25 од 09.06.2025 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

II
Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителите за надомест на трошоците во постапката по поведен управен спор, СЕ ОДБИВА.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение означено во изреката од пресудата се утврдува дека тужителот Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Скопје сторил прекршок по член 26 став 1 точка 2 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи (Сл.весник на РСМ бр.66/24) за кој прекршок на правното лице му е изречена глоба во износ од 15.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на уплатата, а на одговорното лице во правното лице согласно член 26 став 2 од истиот закон, изречена му е глоба во износ од 350,00 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на уплатата, која глоба се должни да ја платат во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението, на соодветните уплатни сметки на Министерството за финансии – банка на примач –НБРСМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да доставаат примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата, во спротивно ќе се спроведе присилна наплата.

Незадоволни од решението на тужениот орган, тужителите поведоа управен спор со предлог истото да се поништи поради суштествени повреди на одредбите на постапката, нецелосно и неправилно утврдена фактичка состојба и поради погрешна примена на материјалното право. Во тужбата се наведува дека согласно

позитивните законски прописи е предвидено дека за да се изрече пропишаната глоба потребно е кумулативно да се исполнат два услови и тоа како општ услов Купувачот да употребува значителна преговарачка моќ, а посебен услов Купувачот да не ги почитува условите и роковите на плаќање согласно со членот 7 ставови 6,7,8,9,10 и 11 од Законот, а во конкретниот случај тужениот орган во оспореното решение не испител дали е исплнет условот Купувачот да употребува значителна преговарачка моќ, предвиде во членот 26 став 1, а на кој член се повикал самиот тужен орган како правен основ за изрекување на глобите. Исто така наведува дека во смисла на член 7 став 6 од Законот тужениот воопшто не ја испитал природата на производите, односно воопшто не испитал дали се работи за лесно расипливи или други производи и дали може да се примени Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи. Предјавува вештачење заради правилно утврдување на фактичката состојба.

Тужениот орган ги достави списите од предметот и во одговор на тужба остана во целост на наводите од оспореното решение, со предлог тужбата да се одбие како неоснована. Воедно ги оцени како неосновани тужбените наводи, со образложение дека наведените услови од страна на тужителот не се кумулативни во вакви случаи, туку е доволно да се утврди само прекршокот со роковите за плаќање, што и било направено во конкретната ситуација од страна на КОП. Фактичката состојба била детално образложена во решението и се однесува на неисплатени обврски по однос на 10 фактури, односно исплатени обврски кон добавувачи по истекот на законски предвидените рокови за плаќање дефинирани во членот 7 од Законот. Исто така во однос на тужбениот навод дека КОП не утврдила дали се работи за лесно расипливи или други производи е ирелевантен, бидејќи членот 7 став (6) од Законот предвидува два вида рокови за плаќање и тоа 30 дена за лесно расипливи и 60 дена за други производи, наведе дека од доказите приложени во постапката, било утврдено дека дури и максималниот законски предвиден рок од 60 дена за плаќање е надминат. Аналогно на тоа, не постои потреба од класификација на производите, бидејќи прекршокот е очигледен во секој случај. КОП врз основа на прибавени сметководствени картички и исплатните податоци утврдил дека роковите за плаќање на предметните фактури се надминати. Дополнително, тужителот во тужбата никаде не го оспорил фактот дека фактурите се исплатени по изминување на роковите определени во Законот, со што индиректно ја признава прекршочната обврска. Наведе дека самото ненавремено плаќање е основ за изрекување санкција. Дополнително наведе дека тужителот имал можност да предложи вештачење во самата постапка, но тоа не го сторил, а КОП нема обврска да спроведе вештачење по службена должност за прашање кое не е спорно. Во текот на постапката, тужителот во ниту еден момент не го оспорил рокот за плаќање, а во неговото Писмено произнесување број 13-49/24 од 23.05.2025 година, истиот експлицитно потврдил дека постои задоцнување на плаќањето/затворањето на 10-те предметни фактури, како и дека ги прекинал сите дејствија кои го предизвикале прекршокот, по што продолжил да ги исполнува навремено сите обврски спрема добавувачите.

Судот го достави одговорот на тужба до тужителот, со цел да се запознае со неговата содржина, по кој истиот не се произнесе.

Јавната расправа закажана на ден 20.01.2026 година, се одржа во присуство на полномошникот на тужителот, и овластени претставници на тужениот орган Вељковиќ Михаела, Надица Четорошка и Малинка Силјановска-Николиќ, сите од Скопје, согласно член 40 став 3 од Законот за управните спорови.

На одржаната јавна расправа полномошникот на тужителите најпрво ја прецизираше тужбата на начин што наведе дека како тужители се јавуваат правното лице - Кит-Го Дооел Скопје и одговорно лице во правно лице Арбнор Гаши од Р.Косово. Наведе дека останува во целост кон наводите истакнати во писмената тужба против оспореното решение на тужениот орган. Остана во целост кон сите предложени докази кон тужбата, како и кон сите предложени докази на постапката која и претходи на тужбата водена од тужениот орган. Појасни дека Законот за забрана за нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи, е донесен со цел да се утврдат нефер трговски практики и тоа исклучиво во случаеви кога купувачот ги користи во однос на продавачот. Членот 6 од истиот закон, наведе дека точно утврдува во кој случај може да има нефер трговски практики од страна на купувач насочени кон добавувач. Истиот член од законот точно утврдува критериуми кога може да постојат такви практики и тие критериуми ги утврдува согласно годишните приходи на учесниците во договорениот однос. Законодавецот јасно и недвосмислено ги ограничува случаевите кога таквите практики може да се појават. Во секој случај, според тие критериуми јасно и недвосмислено се гледа дека се работи за правни случаеви каде се работи за однос купувач и продавач, а каде купувачот согласно годишните приходи има многу повеќе него продавачот. Во конкретниот слчучај, наведе доколку се земат во предвид јавно достапните информации, а имајќи во предвид дека продавачот е АД кое котира на македонската берза на акции, јасно и недвосмислено може да се потврди дека купувачот нема можност преку значителна преговарачка моќ да вметнува нефер трговски практики. Во конкретниот случај, значително поголема преговарачка моќ, имал продавачот. Ваквите проверки, Комисијата иако јасно и недвосмислено имала обврска согласно законот да ги провери и да ги класифицира во која група спаѓаат конкретните страни, тоа не го сторила. Во однос на наводите на тужениот истакнати во одговорот на тужба, а кои се однесуваат во однос на роковите за плаќање на фактури, истакна приговор од причина што истите се целосно неосновани, од причина што обврската за плаќање по фактура почнува да тече од денот на достава на фактура, а тој ден никаде не е утврден во постапката која претходела на оспореното решение. Следствено на истото, наведе дека погрешно е утврдено дека плаќањата се извршени со задоцнување. Факт што е битен во овој случај, наведе дека е тоа дали и во која класа согласно член 6 од законот, е битно да се утврди, од причина што во случај кога ниту една од страните нема да го исполни тој услов, овој закон не може да се примени. Имено, кога ниту една страна не го исполнува тој услов, тогаш јасно и недвосмислено се гледа дека се работи за обичен деловен однос помеѓу двајца правни субјекти. Како таков деловен однос, спорно е ако кога се анализираат обврските само на едната страна кон другата. Во конкретниот случај, продавачот Млекара АД Битола, како субјект со поголема преговарачка моќ од сега тужителот, е исто така и субјект кој што должи мнногу повеќе на купувачот, него ли обратно. Таквите долгови на продавачот, се однесуваат на истиот правен однос а се многу постари и повисоки. Исто така, уште еднаш потенцира, дека од страна на тужениот орган при донесување на оспореното реешение, како датуми биле земени датумите на издавање на фактурите, а не датумите на доставување на фактурите. Врз основа на наведеното, јасно било дека не постои задоцнето плаќање на фактури, туку само плаќање на фактури. Во однос на одредената казна, уште еднаш истакнува пред судот дека при одредување на истата, не се земени сите одредби од законот, а особено не одредбите кои укажуваат на олеснителни околности во однос на казна. При одмерувањето на казните, тужениот орган не го зел во предвид фактот дека долгот е платен пред донесување на оспореното решение и во моментот на доенсување на решението не постоел долг.

Претставникот на тужениот орган, Надица Четорошка, истакна дека КОП останува во целост кон наводите изнесени во одговорот на тужба. Во однос на наводите на тужителот, дека КОП не го применил член 6 од законот, истакнува дека согласно член 8 без оглед на преговарачката моќ, секое задоцнување на плаќање на фактурите потпаѓа под законот. Согласно анализата на Комисијата, т.т. увидот во фактурите, е евидентирано прекршување на законот, односно постои неплаќање на фактурите односно истите се платени со задоцнување по истекот на рокот од 60 дена. По однос на наводите на тужителот, дека не е земен во предвид датум на достава на фактурите, наведе дека во истите стои датум на доспевање на истите. Во однос на наводите дека фактурите се веќе платени, истакнува дека на денот на увидот на лице место кај тужителот Кит-Го, истите не биле платени. При носење на решението, тужениот орган при утврдување на прекршокот го применил член 7 од законот и утврдил дека овој прекршок претставува потежок прекршок, затоа наведе дека не е потребно да се утврдуваат кумулативни услови, туку само да се утврди прекршокот со роковите за плаќање, што било направено во конкретната ситуација од страна на тужениот. Тужителот во тужбата, никаде не го оспорувал фактот дека фактурите се платени по изминување на роковите и со тоа индиректно ја признал прекршочната одговорност.

Во реплика, полномошникот на тужителите изјави дека тужениот сам потврдил дека во текот на оваа постапка се водел на датуми истакнати во фактура, иако такво право во законот не е предвидено за тужениот. Имено, во однос на пречекорување на рокови, наведе дека законот утврдува дека роковите за плаќање задолжително треба да бидат предвидени во договорот за снабдување, а во договорот за снабдување помеѓу договорните страни биле предвидени рокови од 30 односно 60 дена почнувајќи од датумот на достава на фактура. Датумот кој бил внесен во самата фактура како датум на доспевање, наведе дека тој е еднostран податок внесен од страна на продавачот. Предјавува трошоци по писмен трошковник.

Во доказна постапка, Судот на расправата ги изведе следните докази: оспорено Решение П.П.бр.«13-49/25 од 09.06.2025» година, Заклучок за вршење на увид на лице место П.П.бр.13-49/1 од 28.02.2025 година, Потврда за одземена документација П.П.бр.13-49/3 од 28.02.2025 година, Записник од увид на лице место П.П.бр.13-49/5 од 28.02.2025 година, е-маил порака со картици на добавувачи П.П.бр.13-49/6 од 28.02.2025 година, Заклучок за поведување на прекршочна попстапка П.П.бр.13-49/7 од 07.03.2025 година, Пропратно писмо за доставување на заклучок за поведување на прекршочна псотапка, е-маил порака со тековна состојба П.П.бр.13-49/12 од 19.03.2025 година, Заклучок за барање на податоци П.П.бр.13-49/15 од 11.04.2025 година, Пропратно писмо за досатава на закчучок за баарње на податоци П.П.бр.13-49/16 од 11.04.2025 годсина, Достава на податоци П.П.бр.13-49/17 од 17.04.2025 година, Известување за утврдена фактичка состојба П.П.бр.13-49/19 од 30.04.2025 година, Пропратно писмо за достава на известување за утврдување фактичка состојба П.П.бр.13-49/20 од 30.04.2025 година, Писмено произнесување П.П.бр.13-49/24 од 23.05.2025 година, Решение П.П.бр.13-49/25 од 09.06.2025 година, Заклучок за исправка на решение П.П.бр.13-49/29 од 04.07.2025 година.

Управниот суд, постапувајќи по тужбата на тужителот, го испита оспореното решение согласно член 35 од Законот за управните спорови, па по оцена на наводите од тужбата, одговорот на тужба и наводите истакнати на јавната расправа, а врз основа на изведените докази, најде дека:

Тужбата на тужителот е неоснована.

Видно од списите во предметот произлегува дека на ден 28.02.2025 година на седница на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 став 2, член 30 став 1 и член 41 од Законот за заштита на конкуренцијата, (Сл.весник на РСМ бр.145/10...16/2025) како и член 9 став 3, член 10 и член 19 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи (Службен весник на РСМ бр.66/24) бил донесен Заклучок ПП.бр.13-49/1 од 28.02.2025 година, за прибавување на податоци на лице место кај тужителот Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Скопје и Друштво за производство, трговија и услуги ВИВА ФРЕШ СТОРЕ ДООЕЛ Скопје, поради постоење на сознание дека истите поседуваат предмети, исправи или друга документација или имаат сознанија кои можат да бидат од значење за утврдување на прекршок.

Контролата е вршена во присуство на претставници на Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Скопје и ВИВА ФРЕШ СТОРЕ ДООЕЛ и тоа: Деа Максути-рководител на финансии и сметководство-Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Скопје, Славица Блажева-комерцијален директор-ВИВА ФРЕШ СТОРЕ ДООЕЛ и Дијана Трчовски – правник-Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Скопје. Од страна на овластените лица од Комисијата биле побарани копии од договорите склучени помеѓу КИТ-ГО и нивните продавачи/добавувачи на земјоделски и прехрамбени производи: ДПТУ Гранд Експорт ДООЕЛ; Даути Комерц увоз-извоз; Рудине ММ доо; Мако Маркет; Екстра Фунги; Фриком Београд ДООЕЛ; ДПТУ Кола ДООЕЛ Скопје; ДПТУ Колид Фудс ДООЕЛ; Алма-М ДООЕЛ; БИМИЛК и Цермат. За истите продавачи/добавувачи биле побарани и Картички за водење на сметководствена евиденција за периодот 01.10.2024-31.12.2024 година. Договорите склучени помеѓу КИТ-ГО и нивните продавачи/добавувачи биле предадени на овластените лица од Комисијата за време на прибавувањето на докази на лице место, а по однос на побараните картички за водење на сметководствена евиденција, преставниците на Комисијата биле информирани дека поради обемноста на материјалот истите ќе бидат доставени во текот на истиот ден по електронски пат (е-маил). За извршените разговори и побараните податоци од КИТ-ГО, овластените лица од Комисијата воделе Записник ПП бр.13-49/5 од 28.02.2025 година, а за прибавената документација на лице место била составена Потврда за одземена документација ПП бр. 13-49/2 од 28.02.2025 година. Согласно договореното, на 28.02.2025 година во 13:49 часот, по електронски пат (е-маил) од страна на КИТ-ГО биле испратени побараните картички за водење на сметководствена евиденција за: ДПТУ Гранд Експорт ДООЕЛ; Даути Комерц увоз-извоз; Рудине ММ доо; Мако Маркет; Екстра Фунги; Фриком Београд ДООЕЛ; ДПТУ Кола ДООЕЛ Скопје; ДПТУ Колид Фудс ДООЕЛ; Алма-М ДООЕЛ; БИМИЛК и Цермат. Од увидот во доставените картички за наведените добавувачи за периодот 01.10.2024-31.12.2024 година, било видно дека Кит-Го не врши измирување на обврските кон наведените добавувачи согласно предвидените рокови за плаќање дефинирани во член 4 од прибавените договори, што преставува евентуален прекршок од член 26 став (1) точка 2) од Законот за забрана на нефер трговскиовски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи.

Врз основа на доставените и анализирани податоци и информации на ден 07.03.2025 година од страна на Комисијата бил донесен Заклучок за поведување на прекршочна постапка против Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Скопје ПП.бр.13-49/7 од 07.03.2025 година, заради евентуално сторен прекршок по член

26 став 1 точка 2 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи (Сл.весник на РСМ бр.66/24), кој бил уредно доставен до тужителот со допис бр.13-49/8 од 10.03.2025 година. На 30.04.2025 година, согласно дотогаш утврдените заклучоци, било донесено Известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.13-49/19 од 30.04.2025 година, кое со допис бр.13-49/20 од 30.04.2025 година било доставено до сега тужителот Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Скопје.

На 21.05.2025 година, тужителот Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Скопје до Комисијата доставил писмено произнесување по известување за утврдена фактичка состојба ПП. бр.13-49/19 од 30.04.2025 година. Во произнесувањето е наведено дека не се точни наводите на Комисијата и дека во периодот 01.10-31.12.2024 година, добавувачот Млекара АД Битола има константно износ кој го должи на Кит-Го. Исто така тврди дека согласно одредбите од Договор, од Законот како и согласно волјата на Млекара АД Битола, долгот на Млекара АД Битола би бил затворен преку компензација на меѓусебните побарувања. Побарувањата кои ги има од Млекара АД Битола се значително постари отколку долгот кој Кит-Го го има кон добавувачот Млекара АД Битола и согласно ЗОО треба да се намират по редот како што настанале. Дополнително, Кит-Го појаснува дека задоцнувањето на затворањето на 10-те предметни фактури е дојдено по предлог/Барање на договорните страни а се со цел да му се овозможи на Продавачот/Добавувачот алтернативна можност за затворање на нивните обврски спрема Кит-Го. Во однос на предметниот прекршок, Кит-Го истакнува дека ги прекинал во целост сите дејствија кои го предизвикале прекршокот, односно дека истиот продолжил да ги исполнува навремено сите обврски спрема сите добавувачи, а особено спрема Млекара АД Битола.

По анализа на прибавената документација на лице место и по електронски пат, доставените одговори, податоци и документи како и врз основа на се погоре споменато, од страна на КОП било утврдено дека за периодот 01.10.2024-31.12.2024 година за еден од продавачите/добавувачите на Кит-Го, Индустрија за млеко, млечни производи и сокови МЛЕКАРА Акционерско друштво Битола, во понатамошниот текст: „БИМИЛК", фактурите издадени од страна на ова друштво кон Кит-Го, не се исплатени од страна на Кит-Го согласно роковите утврдени во Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи и предвидените рокови во Договорот. По однос на плаќањето на фактурите, од КОП било утврдено дека: Фактура со број 9463 од 01.10.2024 година, на износ од 4.363,00 денари и датум на доспевање на 15.11.2024 година, не е исплатена до датумот на нејзиното доспевање согласно рокот утврден во Законот и договорот, туку е истата е исплатена на 26.12.2024 година; Фактура со број 9464 од 01.10.2024 година, на износ од 1.499,00 денари и датум на доспевање на 15.11.2024 година, не е исплатена до датумот на нејзиното доспевање согласно рокот утврден во Законот и договорот, туку истата е исплатена на 26.12.2024 година; Фактура со број 9465 од 01.10.2024 година, на износ од 17.376,00 денари и датум на доспевање на 15.11.2024 година, не е исплатена до датумот на нејзино доспевање согласно рокот утврден во Законот и договорот, туку истата е исплатена на 26.12.2024 година; Фактура со број 9466 од 01.10.2024 година, на износ од 7.512,00 денари и датум на доспевање на 15.11.2024 година, не е исплатена до датумот на нејзиното доспевање согласно рокот утврден во Законот и договорот, туку истата е исплатена на 26.12.2024 година; Фактура со број 9485 од 01.10.2024 година, на износ од 6.055,00 денари и датум на доспевање на 15.11.2024 година, не е исплатена до датумот на нејзиното доспевање согласно рокот утврден во Законот и договорот,

туку истата е исплатена на 26.12.2024 година; Фактура со број 9499 од 01.10.2024 година, на износ од 12.710,00 денари и датум на доспевање на 15.11.2024 година, не е исплатена до датумот на нејзиното доспевање согласно рокот утврден во Законот и договорот, туку истата е исплатена на 26.12.2024 година; Фактура со број 9500 од 01.10.2024 година, на износ од 3.257,00 денари и датум на доспевање на 15.11.2024 година, не е исплатена до датумот на нејзиното доспевање согласно рокот утврден во Законот и договорот, туку истата е исплатена на 26.12.2024 година; Фактура со број 9501 од 01.10.2024 година, на износ од 2.093,00 денари и датум на доспевање на 15.11.2024 година, не е исплатена до датумот на нејзиното доспевање согласно рокот утврден во Законот и договорот, туку истата е исплатена на 26.12.2024 година; Фактура со број 9502 од 01.10.2024 година, на износ од 2.758,00 денари и датум на доспевање на 15.11.2024 година, не е исплатена до датумот на нејзиното доспевање согласно рокот утврден во Законот и договорот, туку истата е исплатена на 26.12.2024 година; Фактура со број 9510 од 01.10.2024 година, на износ од 8.613,00 денари и датум на доспевање на 15.11.2024 година, не е исплатена до датумот на нејзиното доспевање согласно рокот утврден во Законот и договорот, туку истата е исплатена на 26.12.2024 година, согласно член 2 од Прилогот 4 кој е дел од прибавениот Договор за продажба заверен кај Кит-Го под бр.0307/1166 од 01.10.2024 година, склучен помеѓу Кит-Го и БИМИЛК, Продавачот-БИМИЛК му одобрува на Купувачот Кит-Го одложено плаќање на секоја поединечна испорака во рок од 30(триесет) денови од денот на испораката на производите. Согласно наведеното, од страна на КОП било утврдено дека Кит-Го не постапува согласно предвидените законски обврски во Законот, а ваквото однесување на Кит-Го претставува прекршок согласно член 26 став 1 точка 2 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи (Сл.весник на РСМ бр.66/24), а во врска со член 7 став 6, 7, 8, и став 9 од истиот закон.

Имајќи го во предвид констатираното, Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата го донела сега оспореното решение ПП.бр.13-49/25 од 09.06.2025 година со кое се утврдува дека тужителот Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Скопје сторил прекршок по член 26 став 1 точка 2 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи (Сл.весник на РСМ бр.66/24) за кој прекршок на правното лице му е изречена глоба во износ од 15.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на уплатата, а на одговорното лице во правното лице согласно член 26 став 2 од истиот закон, изречена му е глоба во износ од 350,00 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на уплатата, која глоба се должни да ја платат во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението, на соодветните уплатни сметки на Министерството за финансии – банка на примач –НБРСМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достават примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата, во спротивно ќе се спроведе присилна наплата.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителите поради следното:

Согласно член 7 став 6 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи(Службен весник на РСМ.бр.66/24), Доколку договорот за снабдување од ставот (1) на овој член предвидува редовна испорака на: - лесно расипливи земјоделски и прехранбени производи, условите и роковите за плаќање на секоја испорака од ставот (2) точка

4) на овој член не можат да бидат подоцна од 30 дена по завршувањето на договорениот период на испорака во кој е извршена или подоцна од 30 дена по датумот на кој е утврден износот во испратницата или фактурата што треба да се плати за тој период на испорака, без оглед кој од овие датуми е подоцнежен и - други земјоделски и прехранбени производи кои не се сметаат за расипливи, условите и роковите за плаќање на секоја испорака од ставот (2) точка 4) на овој член не можат да бидат подоцна од 60 дена по завршувањето на договорениот период на испорака во кој е извршена или подоцна од 60 дена по датумот на кој е утврден износот во испратницата или фактурата што треба да се плати за тој период на испорака, без оглед кој од овие датуми е подоцнежен. (7) За потребите на утврдување на роковите за плаќање од ставот (6 ) на овој член, договорениот рок на испорака во ниту еден случај не смее да го надмине периодот од еден месец. (8) Доколку договорот не предвидува редовна испорака, условите и роковите за плаќање на испорачаните расипливи земјоделски и прехранбени производи од став (2) точка 4) на овој член не можат да бидат подоцна од рокот утврден во ставот (6) алинеја 1 на овој член. (9) Доколку договорот не предвидува редовна испорака, условите и роковите за плаќање на други земјоделски и прехранбени производи од став (2) точка 4) на овој член, кои не се сметаат за расипливи производи, не можат да бидат подоцна од рокот од ставот (6) алинеја 2 на овој член.

Согласно член 26 став 1 точка 2 од истиот закон, Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 6.000 до 12.000 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 10.000 до 20.000 евра во денарска противвредност за голем трговец, ќе му биде изречена за прекршок на правното лице кое во својство купувач кон неговите добавувачи употребува значителна преговарачка моќ со наметнување нефер трговски практики, ако : не ги почитуваат условите и роковите на плаќање, согласно со членот 7 ставови (6), (7), (8), (9), (10) и (11) од овој закон; 3) постапува спротивно на секоја забрана за нефер трговски практики од членот 8 став (1) од овој закон; 4) не ја почитува обврската од членот 8 ставови (2), (3) и (4) од овој закон; 5) не ја почитува обврската од членот 8 став (5) од овој закон; 6) постапува спротивно на членот 8 став (6 ) од овој закон; Согласно став 2 од истиот член, Глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 200 до 350 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 350 до 500 евра во денарска противвредност за голем трговец, ќе му биде изречена на одговорното лице во правното лице за дејствата од ставот (1) на овој член.

Согласно член 28 став 1 од истиот закон закон, При одмерување на глобата се земаат предвид: 1) тежината на прекршокот; 2) времетраењето на прекршокот и 3) опсегот на повредата и последиците предизвикани со прекршокот. Согласно став 2, Комисијата за одлучување по прекршок при одмерување на глобата најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го приспособува, земајќи ги предвид олеснителните или отежнителните околности. Согласно став 3, Олеснителни околности кои се земаат предвид при одмерувањето на глобата, особено се: 1) ако сторителот на прекршокот доставил доказ дека ги прекинал дејствата кои претставуваат прекршок во моментот кога Комисијата за одлучување по прекршок има поведено прекршочна постапка; 2) ако сторителот на прекршокот ефективно соработувал со Комисијата за одлучување по прекршок; 3) ако утврдената забранета нефер трговска практика која, иако е договорена, с? уште не е спроведена во деловниот однос.

Согласно вака утврдената правна и фактичка состојба во предметот, Судот најде дека тужениот орган правилно ги применил горе цитираните законски одредби кога врз основа на истите го донел оспореното решение ПП.бр.13-49/25 од 09.06.2025 година со кое тужителите правилно се огласени за прекршочно одговорни за сторен и казнив прекршок по член 26 став 1 точка 1 и став 2 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи (Сл.весник на РСМ бр.66/24), при што за сторениот прекршок на тужителите правилно им е изречена глоба во износ во износ од 15.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на уплатата за правното лице, и глоба во износ од 350,00 евра во денарска противредност по среден курс на НБРСМ на денот на уплатата на одговорното лице во правното лице во денарска противредност по среден курс на НБРСМ на денот на уплатата. Наведеното, од причина што по извршен увид во Фактури со број 9463, 9464, 9465, 9466, 9485, 9499, 9500, 9501, 9502, 9510, сите од 01.10.2024 година, неспорно произлегува дека истите се со датум на доспевање на 15.11.2024 година, а исплатени на ден 26.12.2024 година, иако согласно член 2 од Прилогот 4 кој е дел од прибавениот Договор за продажба заверен кај Кит-Го под бр.0307/1166 од 01.10.2024 година, склучен помеѓу Кит-Го и БИМИЛК, Продавачот-БИМИЛК му одобрува на Купувачот Кит-Го одложено плаќање на секоја поединечна испорака во рок од 30(триесет) денови од денот на испораката на производите, поради што Судот најде дека правилно оценил тужениот орган дека сега тужителот Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Скопје сторил повреда на одредбите од член 7 и 26 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи (Сл.весник на РСМ бр.66/24), со тоа што не вршел измирување на обврските кон наведените добавувачи согласно предвидените рокови за плаќање дефинирани во член 4 од прибавените договори.

Исто така, Судот најде дека правилно била спроведена постапката од страна на тужениот орган, со тоа што за сторениот прекршок биле изготвени Заклучок ПП.бр.13-49/1 од 28.02.2025 година, за прибавување на докази на лице место кај тужителот Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Скопје, Записник бр.13-49/4 од 28.02.2025 година на Комисијата за утврдување на прекршок, Потврда П.П.бр.13-49/2 од 28.02.2025 година на Комисијата за утврдување на прекршок, како и Заклучок за поведување на прекршочна постапка против Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Скопје ПП.бр.13-49/7 од 07.03.2025 година, кои биле уредно примени од страна на тужителот КИТ-ГО ДООЕЛ Скопје видно од доставниците во предметот, а врз основа на дотогаш утврдените заклучоци, со цел на учесниците во постапката да им се даде можност да се изјаснат за фактите и околносите од значење за утврдување на фактичката состојба, исто така на тужителот КИТ-ГО ДООЕЛ Скопје, согласно член 21 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи, му е доставено Известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.13-49/19 од 30.04.2025 година, кое со допис бр.13-49/20 од 30.04.2025 година било уредно доставено, и по кое во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето, тужителот Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Скопје писмено се изјаснил со цел правилно утврдување на фактичката состојба.

Имајќи го во предвид наведеното, Судот оцени дека тужбата е неоснована, а оспореното решение е правилно и на закон засновано.

Судот ги ценеше наводите на тужителите, но најде дека истите се неосновани и немаат влијание за поинакво одлучување во конкретниот случај, согласно претходно наведеното.

Со оглед на сето погоре изнесено, Судот утврди дека тужбата на тужителите е неоснована и одлучи како во изреката на пресудата, согласно член 59 став 1 од Законот за управни спорови („Сл.Весник на РСМ“ бр.96/19).

Барањето на тужителите за надомест на трошоците во постапката, судот го одби како неосновано, согласно одредбата од член 86 став 3 од Законот за управните спорови („Сл.Весник на РСМ“ бр.96/19), со која е предвидено доколку судот ја одбие тужбата, секоја странка да ги сноси своите трошоци во постапката.

Пресудено во Управен суд на 27.01.2026 година, под УПРК.бр.16/2025.

Записничар –судски советник
Снежана Стаменовска Христова

Претседател на совет – Судија
Виолета Богојеска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на истата, преку овој суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжуваат тужителите солидарно да платат судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Пресудата да се достави до:
- тужителите преку полномошник
- тужен орган

Претседател на совет – Судија
Виолета Богојеска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УПРАВЕН СУД
СКОПЈЕ

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
Судски службеник

АП/